# БИЛТЕН

НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
СИС-УПОЗ 2006 • БРОЈ 2 • 06.06.2006













СИНДИКАТ УПОЗ • 03-06 ЈУНИ 2006, ОХРИД

12

12 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ • СИС УПОЗ-2006




**Организационен одбор и Натпреварувачка комисија**
**ОХРИД, 03-06.06.2006**









**Поздравен збор на претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски на отварањето на Дванаесеттите спортски игри и средби**



# ДА СЕ ДРУЖИМЕ И НАТПРЕВАРУВАМЕ - НЕКА ПОБЕДАТ НАЈДОБРИТЕ

Гледам дека полека го губите трпението па затоа и нема да зборувам многу. Но не заборавете дека синдикалците не знаат да зборуваат кусо туку долго, долго, долго... Зошто е тоа така? Затоа што од другата страна постојано имаме работодавачи и Влада која е неодговорна и со која мора долго и долго да се разговара за да се успее. Точно така, УА за Владата. Изминатиов период од една година Синдикатот на УПОЗ го помина во постојани проблеми и заштита на правата на работниците, главно успешно, можеби не бевме успешни, но периодов што доаѓа ќе го искористиме да помогнеме да се поправат состојбите со платите особено во правосудните органи и во делот на органите на управата, за луѓето кои не се државни службеници. Тоа можевме и до сега да го направиме доколку имавме поконструктивна Влада, на која, еве полека се приближува завршетокот на нејзиниот мандат, но не успеавме да се договориме, а на сите вам ви е јасно зошто е тоа така. Во исто време, во ССМ се судиравме со бројни сепаратистички проблеми од луѓе кои сакаа само позиција, но успеавме да го задржиме Сојузот и ќе го задржиме и понатаму бидејќи за 2 години, познато ви е, дека славиме 100 годишнина од постоењето на синдикатите во Македонија како единствен валиден репрезент на работничката класа и нашето членство. ССМ и УПОЗ сигурно е дека и натаму ќе бидат ваши застапници пред работодавачите и пред Владата и ќе успееме во борбата која е навистина долга и мачна но секогаш, ама баш секогаш сме успевале. Но да не должам натаму, ви посакувам на овие 12 СИС УПОЗ не само добри резултати туку и вистинско дружење бидејќи спортските игри и средби не се само натпреварување туку и дружење и затоа мислам дека убаво ќе се чувствувате овие три дена што ќе бидеме заедно. Впрочем, следните шест месеци ќе потетувате и ќе прераскажувате на своите пријатели за ова што го доживеавте на спортските игри а тоа ќе ни биде мотив наредната година да дојдете во поголем број.

Дозволете ми во името на Организациониот одбор и Натпреварувачката комисија да ги прогласам за отворени 12-те спортски игри.


## СПОНЗОРИ НА ИГРИТЕ

**РЕЏИА - СКОПЈЕ**
**Неметали Огражден-Струмица**
**Сојуз на возачи**
**Пивара - Скопје**
**Здружение на возачи-Гостивар**
**Здружение на возачи-Прилеп**
**Мис пром-Куманово**

СИС - УПОЗ 2006
ОХРИД, 03-06.2006

# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## МАЛ ФУДБАЛ

1. ДЗГР
2. Казнено-поправни установи
3. Фонд за здравство

## БАСКЕТ

**ЖЕНИ:**

1. Воена болница
2. Царинска управа
3. Д З Г Р

## КОШАРКА

**МАЖИ:**

1. Царинска управа
2. Државен завод за статистика
3. Д З Г Р

## ПИКАДО

1. Фонд на ПИОМ
2. Државен завод за статистика
3. Воена болница

## ВЛЕЧЕЊЕ ЈАЖЕ

**ЗАЕДНИЧКА ДИСЦИПЛИНА**

1. Царинска управа
2. Фонд на здравство
3. Агенција за вработување



ПОЗДРАВЕН ЗБОР ДО УЧЕСНИЦИТЕ ОД ДИМЧЕ ВРЕВЕЗОВСКИ, СЕКРЕТАР НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД

## ТОПЛО ДОБРЕДОЈДЕ

Почитувани присутни, најнапред дозволете ми да го пренесам извинувањето од градоначалникот г-динот Александар Петрески што вечерва од оправдани причини поради непредвидени службени обврски не може да ви се обрати.

Почитувани учесници на Спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ, Охрид има особено задоволство што и овој викенд повторно ќе биде домаќин на овие традиционални спортски игри и средби и на тој начин ќе ви ја пружи својата гостопримливост и убави моменти при престојот во нашиот град. Заради своите карактеристики Охрид се повеќе станува место во кое се одржуваат значајни спортски збиднувања во кои не е важно кој ќе биде победникот туку важно е учеството, можноста за што подобро меѓусебно запознавање и развивање на пријателството.

Оптоварени од секојдневното професионално ангажирање ова е добра можност за спортски активности, одмор и меѓусебно дружење.Очекувам како добри домаќини да овозможиме идеални услови за натпреварување, а екипите да имаат фер натпревари во духот на спортот и во духот на дружењето на учесниците. Се надевам дека вашиот престој во Охрид, репрезентот на националната историја, духовност и култура заштитен од UNESCO како светско културно и природно наследство ќе претставува мотив во слободните мигови да ја доживеете неговата убавина.Почитувани учесници на 12-те СИС УПОЗ уште еднаш ви посакувам постигнување на добри спортски резултати а на организаторите им посакувам беспрекорна организација. Благодарам.

# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

**СИС - УПОЗ 2006**
**ОХРИД, 03-06.2006**

## КРОС

**МАЖИ:**

| | |
|---|---|
| 1. Фера Сељадин | Воена болница |
| 2. Љупчо Јордановски | Фонд ПИОМ |
| 3. Димитар Рунчев | Државен завод за статистика |

**ЖЕНИ:**

| | |
|---|---|
| 1. Сузана Монавчева | Фонд за здравство |
| 2. Валентина Кировска | Фонд за здравство |
| 3. Маја Јакимовска | Воена болница |

## ШАХ

**МАЖИ:**

1. Фонд на ПИОМ
2. Царинска управа
3. СОЗР на Влада

**ЖЕНИ:**

1. Апелационен суд - Скопје
2. Воена болница
3. УЈП и Министерство за финансии

## ОДБОЈКА

**МАЖИ:**

1. ДЗГР
2. Царинска управа
3. УЈП и Министерство за финансии

**ЖЕНИ:**

1. Царинска управа
2. Воена болница
3. Фонд за здравство

## ПИНГ-ПОНГ

**МАЖИ:**

1. Локална самоуправа
2. Фонд на ПИОМ
3. Апелационен суд - Штип

**ЖЕНИ:**

1. Фонд за здравство
2. Царинска управа
3. Агенција за вработување

## СТРЕЛАШТВО

**МАЖИ:**

1. Апелационен суд - Штип
2. Царинска управа
3. Агенција за вработување

**ЖЕНИ:**

1. Фонд за здравство
2. Министерство за транспорт и врски
3. Царинска управа





СИНДИКАТ УПОЗ • 03-06 ЈУНИ 2006, ОХРИД

12

12 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ • СИС УПОЗ-2006

**СИС - УПОЗ 2006**
**ОХРИД, 03-06.2006**



# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

## ФЕР ПЛЕЈ

**УЈП И МИНИСТЕР-СТВО ЗА ФИНАНСИИ**

## НАЈДОБАР СПОРТИСТ

**СУЗАНА МОНАВЧЕВА ОД ФОНД ЗА ЗДРАВСТВО**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА ЦАРИНСКА УПРАВА**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВО**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА КОЈА ГО ДОБИВА ПРЕОДНИОТ ПЕХАР**

**ЦАРИНСКА УПРАВА**

## ВТОРО МЕСТО

**ВТОРО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВО**

## ТРЕТО МЕСТО

**ТРЕТО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА ВОЕНА БОЛНИЦА**









# ДОВИДУВАЊЕ ДО ТРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО 2007







СИНДИКАТ УПОЗ • 03-06 ЈУНИ 2006, ОХРИД

12

12 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ • СИС УПОЗ-2006













# ДОВИДУВАЊЕ ДО 2007!